БИМ а.д. Свети Николе, Ул.Железничка 164, 2220 Свети Николе
Тел. ++38932 455 377; Факс: ++38932 455 478
Претставништво Скопје ++38902 3213 421
mail:komercija@bim.com.mk; www.bim.com.mk

Б Е З Б Е Д Н О С Е Н Л И С Т

# БИКУТОП, БИКУТОП РЕФЛЕКС, БИКУТОП ЕКСТРА, БИКУТОП МОСТ, БИКУТОП АЛ, БИКУТОП ПЕ АЛ

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДОТ И ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

**Трговско име:** Бикутоп В 3 кг, Бикутоп В 4 кг, Бикутоп В 5 кг, Бикутоп В 3 мм, Бикутоп В 4 мм, Бикутоп Т 3 мм, Бикутоп Т 4 мм, Бикутоп П 4 кг, Бикутоп П 5 кг, Бикутоп П 4 мм, Бикутоп П 5 мм, Бикутоп В 4,5 кг Рефлекс, Бикутоп В 5 кг Рефлекс, Бикутоп П 4,5 кг Рефлекс, Бикутоп П 5 кг Рефлекс, Бикутоп В 4 кг Екстра, Бикутоп В 4 мм Екстра, Бикутоп В 5 мм Екстра, Бикутоп П 4 кг Екстра, Бикутоп П 4 мм Екстра, Бикутоп П 5 мм Екстра, Бикутоп Т 4 мм Мост, Бикутоп П 4 мм Мост, Бикутоп П 5 мм Мост, Бикутоп АЛ 3, Бикутоп АЛ 4, Бикутоп ПЕ АЛ 4.

.

**Идентификувани начини на користење:** Битуменски ленти за хидроизолација на градежни објекти.

**Податоци за производителот:** БИМ а.д. Свети Николе,
Ул.Железничка 164, 2220 Свети Николе
Тел. ++38932 455 377
gilev@bim.com.mk

## 2. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОПАСНОСТА

**Класификација:** Не ги исполнува условите за класификација.
**Знак за опасност:** Нема
**Посебни упатства во однос на опасност по човекот и животната средина:** Во нормални услови на користење овој производ не претставува опасност по човековото здравје и животната средина. Иритирачки испарувања може да се јават само во случај на термичко разградување.

## 3. СОСТАВ/ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈКИТЕ

**Хемиски состав:** битумен, синтетски каучук, инертен минерален полнител, стаклен воал или стаклена ткаенина или полиестерски филц или алуминиумска фолија, и полиетиленска фолија, или полиетиленска фолија и обоен шкрилец, или полиетиленска фолија и кварцен песок.

## 4. МЕРКИ ЗА ПРВА ПОМОШ

**Општо:** Мерките за прва помош се однесуваат **за опасности при вградување**.
**После вдишување:**

Ако се е инхалира димот и пареата предизвикува иритација на носот и дишните патишта, има кашлање по што треба да се излезе на свеж воздух. Ако симптомите продолжат треба да се побара медицинска помош.

**После голтање:**

Во случај на голтање на мали количества производ не доаѓа до сериозни последици.

**После контакт со кожата:**

При контакт на стопен битумен со кожата настанува изгоретина на кожата. Стопениот битумен не смее да се симнува од кожата. Изгоретината треба да се полива со вода додека битуменот не се олади, да се прекрие со памук или газа, и веднаш да се побара медицинска помош.

**После контакт со очите:**

Треба веднаш да се испрскаат со млаз на вода за да се отстрани топлината. Во случај да има остатоци од производот, не се обидувајте да ги отстраните на поинаков начин освен со млаз од вода. Побарајте стручна медицинска помош.

## 5. МЕРКИ ЗА ГАСНЕЊЕ ПОЖАР

**Средства за гаснење:** Пена, прав за гаснење, песок или земја.

**Непогодни средства за гаснење:** Не употребувајте вода. Во никој случај не треба да се дозволи водата да дојде во контакт со растопената маса поради опасност од превривање или прскање.

**Производи на согорување:** црн, густ чад од јаглен моноксид, јаглен диоксид и мешани јагленводороди.

**Заштитна опрема:** Во случај на пожар од поголеми размери и пожар во затворен простор задолжителна е употребата на самостојни уреди за дишење и заштитна опрема.

## 6. МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА НЕЗГОДА

**Мерки на внимателност, кои се однесуваат за лица:** Непотребно.
**Мерки за заштита на околината:** Непотребно.
**Постапки за чистење/впивање:** Да се собере по механички пат.
**Додатни упатства**: Не се ослободуваат никакви опасни материи.

## 7. РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ

**Ракување:** При ракување треба да се користи заштитна опрема ( Точка 8 ).

**Препораки за безбедно ракување при вградување:**

Контакт со топлиот производ предизвикува изгоретини. Да се спречи директен контакт. Добрата работна практика, високите стандарди на хигиена и чистота треба да се одржуваат цело време.

**Услови за безбедно складирање:**

Се складира во исправена положба во сув и покриен простор, заштитен од директно влијание на сонце.

## 8. КОНТРОЛА НА ИЗЛОЖЕНОСТ И ЛИЧНА ЗАШТИТА

**Заштита на очите/лицето:** Да се користат заштитни наочари или штитник за лице.
**Заштита на рацете:** Да се користат заштитни ракавици.
**Заштита на другите делови на телото:** Да се користат заштитни одела со долги ракави и ногавици, заштитни чевли со гумен ѓон и заштитна капа.
**Заштита на органите за дишење:** При вградување на производот да се избегнува вдишувањето на пареите од стопениот битумен. Се препорачува проветрување.
**Заштита од термички опасности:** Не претставува термичка опасност.

## 9. ФИЗИЧКИ И ХЕМИСКИ СВОЈСТВА

**Изглед:** Лента во облик на ролна со ширина 100 см. и должина 10 метри.
**Мириѕба:** На битумен**.**
**Точка на топење:** над 100 °C.
**Точка на палење:** над 250 °C.
**Брзина на испарување:** Не содржи испарливи материи.
**Согорливост:** Гори.
**Растворливост во вода:** Не е растворлив.
**Експлозивни својства:** Нема.
**Оксидирачки својства:** Нема.

## 10. СТАБИЛНОСТ И РЕАКТИВНОСТ

**Стабилност:** Производот е стабилен при пропишаните услови на складирање.
**Услови кои треба да се избегнуваат:** Да се отстранат сите запалливи извори и отворен пламен.
**Опасни производи на распаѓање (при термичко разложување):** јаглен моноксид, јаглен диоксид и мешани јагленводороди.

## 11. ТОКСИКОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

Кога се загрева производот на висока температура, пареата, чадот можат да се кондензираат, контаминирајки ја кожата и облеката.
Ако се загрее над 200 °C може да има испарувања кои што предизвикуваат иритација на очите, и дишните органи. При нормална употреба не се познати штетни влијанија на животната средина.

## 12. ЕКОТОКСИКОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

**Токсичност за вода:** Производот не е токсичен за водените организми затоа што не е растворлив во вода.
**Перзистентност и разградливост:** Производот не е биолошки разградлив.

## 13. ОДЛАГАЊЕ

Помали количества може да се одложуваат со комуналниот отпад.
Постапувањето со отпадот е во склад со прописите на надлежните органи.

## 14. ПОДАТОЦИ ЗА ТРАНСПОРТ

**Според ADR/RID:** Производот не е класифициран како опасен за транспорт.

## 15. РЕГУЛАТОРНИ ПОДАТОЦИ

**Прописи во врска со безбедноста, здравјето и животната средина:** Производот е согорлив.
Производот не е класифициран според EEC директивите 67/548/EEC (опасни материи) и 1994/45/EC (опасни препарати).

## 16. ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ

Безбедносно-техничкиот лист е во склад со директивата EEC 155/91.
Овој безбедносен лист го сумира нашето најдобро знаење за безбедносни и здравствени информации во врска со производот и како истиот безбедно да се употребува и ракува со него. Секој корисник треба да го прочита овој безбедносен лист и да ги земе предвид информациите во контекст на тоа како да се ракува и употребува производот. Ако е потребно појаснување или понатамошни информации за да се обезбеди соодветна проценка на ризик, корисникот треба да контактира со производителот. Нашата одговорност за продадените производи е предмет на стандардни рокови и услови. Сите информации во овој безбедносен лист се точни и ажурни. Не се сноси никаква гаранција за точноста, соодветноста или целосноста на овој лист.